**Претставници од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го пренесуваат македонското искуство во однос на имплементацијата на ИПАРД Програмата на претставници од Албанската платежна агенција**



Од 12 до 16 мај 2014 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одржаа работни средби со претставници од Агенцијата за земјоделство и рурален развој на Албанија (ARDA).

Работните средби се дел од подготвителните активности на Албанската платежна агенција во процесот на акредитација на ИПАРД Програмата и пренесување на правото за користење на средства од истата од страна на Европската комисија.

За време на петдневните работни посети претставниците од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги презентираа организациската структура на Агенцијата, надлежностите и функциите на секторите, процедурите кои Агенцијата ги користи при имплементација на ИПАРД Програмата , активностите кои се преземаат во однос на реализација на мерките од ИПАРД Програмата, се изврши анализа на институционалната поставеност и потребниот институционален капацитет за добивање на акредитација за ИПАРД.



Секторите кои се дел од ИПАРД структурата, претставија детален преглед на своите процедури за работа поврзани со одобрување и исплата на проекти, ИТ, контрола на терен, ги пренесоа своето позитивно искуство како и одредени проблеми со кои се соочувале за време на акредитацискиот период.

Овие работни средби ќе послужат за вовед во идна продлабочена и зајакната соработка во областа од заедничкиот интерес.